# ЕТИЧКИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ ПРИНЦИПИ НА МРТ ЗА МЕДИУМСКО ПОКРИВАЊЕ ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ

МРТ

# ЕТИЧКИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ ПРИНЦИПИ НА МРТ ЗА МЕДИУМСКО ПОКРИВАЊЕ ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ

British Embassy
Skopje

Подготовката на оваа публикација беше овозможена со поддршка од Британската амбасада во Скопје, во рамките на проектот "*Непристрасноста и независноста на медиумите како предуслов за слободен и фер изборен процес*". Мислењата и ставовите наведени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада во Скопје.

**ВОВЕД** 5

**I. ПРИНЦИПИ ЗА ПОКРИВАЊЕ ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ** 7

1. Урамнотеженост и непристрасност 7
2. Правичност при претставувањето на кандидатите 12
3. Точност и проверка на информациите 14
4. Информациите да бидат прецизни и во контекст 16
5. Разграничување меѓу факти и мислења 18
6. Двојната улога на власта во изборниот период 19
7. Говор на омраза и „потпалувачки“ говор 20
8. Информирање за испитувања на јавното мислење 21
9. Изборен молк 23
10. Право на исправка и одговор 23

**II. ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ И ЛИЧЕН ИНТЕГРИТЕТ НА НОВИНАРИТЕ** 25

1. Општествена одговорност на новинарите 25
2. Професионален интегритет и чесност на новинарите 26
3. Лична употреба на социјалните медиуми 28

**III. ПРИДОНЕС ОД ПУБЛИКАТА И ОД УЧЕСНИЦИТЕ ВО ИЗБОРИТЕ** 29

1. Материјали од публиката 29
2. Материјали од партии или од кандидати 30

Користена литература 34

# ВОВЕД

Посветеноста на Македонската радио-телевизија (МРТ) кон обезбедување непристрасно и правично известување, како и генерално кон придржување до етичките и до професионалните стандарди, е под лупа на јавноста особено во време на избори.

Целта на *Етичките и професионалните принципи на МРТ за медиумско покривање изборни процеси* е да обезедат рамка во која новинарите ќе можат слободно и непречено да работат и да ѝ понудат на публиката непристрасно и независно информирање за изборниот процес, преку фер известување и аналитички осврт за кандидатите и за партиските програми и кампањи.

*Принципите* се во согласност со меѓународните стандарди, како и со:

— стандардите и начелата до кои треба да се придржуваат Јавниот радиодифузен сервис МРТ и новинарите, уредниците и другите вработени во МРТ при производството и обезбедувањето на радио и телевизиски програми, утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

— обврските МРТ да обезбеди правично, урамнотежено и непристрасно покривање на изборите во својата вкупна програма, утврдени во Изборниот законик;
— Кодексот на новинарите на Република Македонија; и
— етичките правила и стандарди на МРТ.

МРТ ќе ги применува овие етички и професионални принципи од распишувањето на изборите до нивното завршување.

Принципите се јавно достапни, објавени на видливо место на веб-страницата на МРТ, и МРТ ќе биде одговорна за нивно спроведување.

# I.

# ПРИНЦИПИ ЗА ПОКРИВАЊЕ ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ

## 1. Урамнотеженост и непристрасност

Јавниот радиодифузен сервис има обврска да биде **урамнотежен и непристрасен** во известувањето за изборите и да не дискриминира ниту една политичка партија, коалиција или независен кандидат.

***Само преку одразување на различните мислења на правичен и точен начин, и тоа за сите важни прашања, МРТ се обврзува дека ќе прикаже вистинска слика за случувањата и темите што ќе ги обработува. Ова подразбира:***

- ➔ да одразува широк спектар на мислења;
- ➔ да ги истражува спротивставените гледишта;
- ➔ да води сметка да не биде игнорирана ниту една релевантна перспектива (во поглед на етничка и на родова припадност, политичка наклоност, возраст, социјално потекло, лица со посебни потреби, со сетилна попреченост и сл.);
- ➔ да се избегнуваат секакви лични предубедувања во однос

на темата за која ќе се известува или за изборот на лица што ќе бидат интервјуирани;

- ➔ да демонстрира искреност и отвореност во однос на какви и да било лични интереси/припадност.

Урамнотеженоста значи дека вестите, интервјуата, дебатите и другите информативни програми не смеат да бидат ниту во полза ниту против која било партија, коалиција или кандидат. Урамнотеженост треба да се постигне и во квалитативна и во квантитативна смисла. Новинарот мора да известува за партиските програми и за дебатите меѓу партиите или меѓу кандидатите на начин што ќе им овозможи на граѓаните да направат споредба. Професионалните новинари се посветени на потрагата по факти и известувањето за нив на објективен начин. Новинарот може да поставува прашања, да прикажува разни гледишта и да изнесува основни информации и контекст, но секогаш мора да води сметка за урамнотеженоста и за неутралноста.

Дополнително, секој дневник, емисија, како и интернет-страниците, треба да овозможат соодветно покривање на сите учесници во изборниот процес, вклучувајќи ги и малите партии и независните кандидати. Во периодот од распишувањето на изборите до денот на почетокот на кампањата, МРТ ќе обезбеди пропорционално и соодветно покривање на политичките субјекти во изборниот процес на неделно ниво, а за време на изборната кампања ќе важат Правилата за медиумско покривање изборни процеси, кои МРТ ги усвои како обврска од Изборниот законик.

**Непристрасноста** често значи повеќе од постигнување урамнотеженост меѓу различни гледишта. Непристрасноста значи дека во известувањето не постојат предрасуди кон, или

против, која било страна. Овој принцип подразбира инклузивност во известувањето - да се разгледува поширокната перспектива и да се осигури дека различните гледишта што постојат, соодветно се пренесени. Сите новинари имаат свои лични мислења и за да овозможат сеопфатно и професионално покривање на вестите и на тековните настани, мора да се издигнат над своите лични гледишта.

Обврската за информирање на електоратот и за известување на урамнотежен и на непристрасен начин се однесува на сите емисии, а особено на вестите. МРТ во вестите ќе известува за информациите што се потпираат на проверени и потврдени факти.

Доколку има други важни вести што не се директно поврзани со изборите, треба да се посвети внимание особено на тоа дека секој политички субјект бил покриен соодветно, при што ќе се нагласи и фактот дека државата е во изборен период. Начинот на кој ќе се постигне ова, ќе зависи од конкретните околности карактеристични за тој случај. На пример, во случаи кога има главни стории што не се поврзани со меѓупартиското соперништво, непристрасност може да се постигне со одвојување повеќе време за оние политичари што најмногу се вклучени. Притоа, нивните изјави би се пренесувале во целост, со што на јавноста би ѝ се обезбедиле фактите и, по потреба, би се прикажале енергичните интерни дебати во рамките на партиите.

Во исклучителни околности, коментарите од политичарите можат да се прикажат и одвоено, без каква било политичка заднина (интервјуа поврзани со несреќа, лична трагедија, кога политичарот е очевидец на некој инцидент). Секој предлог за користење коментари на ваков начин мора да биде одобрен од уредникот.

***Известувањето на урамнотежен и на непристрасен начин подразбира:***

- Новинарот не смее да дозволи неговите/нејзините мислења да се насетат, директно или индиректно, преку начинот на известување, говорење или според неговото/нејзиното однесување.
- Многу е важно да се известува коректно. Цитати од кандидати и лидери на партии секогаш треба да се пренесуваат без измени и во соодветниот контекст. Ако новинарот не е сигурен за што станува збор, тој секогаш може повторно да контактира со лицето и да побара појаснување.
- Кога е потребен превод (ако кандидатот зборува на јазикот на немнозинска заедница), треба многу да се внимава да не се изврти значењето на она што било кажано. Во овој контекст, уредникот ќе одлучи дали ќе се употребува превод или гласовна нахсинхронизација.
- Новинарската приказна никогаш не смее да се користи за поддршка на партија или кандидат.
- Тонот на известувањето во вестите/новинарските приказни мора да биде неутрален. Тие треба да информираат за разликите меѓу страните, без притоа да даваат мислење или суд за нив, на каков било начин.
- Новинарската приказна никогаш не смее да се користи за претставување лични ставови. Новинарот има професионална обврска да не изнесува лични ставови за темата на веста. Гледиштата на новинарот по одредено прашање никогаш не смеат да станат дел од приказната, ниту да се споменуваат на каков било начин.
- Новинарот никогаш не смее да носи облека, значки, налепници или какви било други предмети со иницијали

или со слогани што асоцираат на одредени партии или кандидати.

- Новинарот треба да се воздржува од изразување какви било мислења за партија или за кандидат за време на митинзи, известување од местото на настанот или при интервју.
- Во вестите треба да се внимава на редоследот на информациите за политичките субјекти. Прилозите за партиите од власта и од опозицијата треба да ротираат.

## 2. Правичност при претставувањето на кандидатите

На сите партии и кандидати што учествуваат на избори треба да им се обезбеди **правичен пристап до медиумите.** Ова е основен принцип за спроведување слободни, фер и транспарентни избори. Намерата е да се поттикне жива дебата и да им се даде повеќе простор и видливост на кандидатите, без притоа да му се даде предност на еден кандидат или партија за сметка на друг.

***Правичност може да се постигне на следните начини:***

- Доколку некој кандидат учествува во прилог/емисија за одредено изборно подрачје, тогаш и на другите кандидати, исто така, треба да им се даде можност да учествуваат или да им се даде слична можност во серија од извештаи. На кандидатите или партиите што не покажале дека имаат значителна поддршка од избирачите во тоа подрачје, сепак треба да им се овозможи пропорционална покриеност.
- Програмските сервиси на МРТ можат да одлучат дали ќе поканат кандидати или претставници на партиите да гостуваат во различни емисии (вести, дебати, интервјуа, политички информативни програми). Сепак, доколку е поканет да учествува кандидат на изборите од една партија, тогаш, ако е можно, и другите учесници треба да бидат партиски кандидати. Во исклучителни ситуации, доколку кандидатот е недостапен, можноста за гостување може да се понуди на соодветен претставник од политичката партија од истото изборното подрачје (на пример: официјално лице од партијата или друг партиски претставник). Како и да е, на публиката треба да ѝ биде јасно дека кандидатот што не дошол, бил уредно поканет и треба да се каже причината поради која не можел да учествува. Ако партијата не прати свој претставник или номинира

некој што би можел да ги стави другите соговорници во нееднаква ситуација, во тој случај емисијата може да се емитува и без тој претставник. МРТ ќе направи напори да ги поттикне партиите да делегираат нови лица, со намера да се чујат различни гледишта и со цел подобро да се рефлектира разноликоста на избирачкото тело. Од друга страна, пак, ова е потребно за да се оневозможи одредена партиска личност да доминира во програмите, како, на пример, партиските портпароли.

- Освен новинарите и уредниците, и сите други лица вклучени во производството на една програма - камерманите, монтажерите, режисерите, лицата задолжени за осветлувањето и тонот итн. - имаат обврска да внимаваат да не им дадат нефер предност на некои кандидати во однос на другите.
- Во вести, интервјуа, дебати и во друг вид емисии водителот мора да се однесува според етичките и професионалните принципи на непристрасност и неутралност кон сите учесници во емисијата. Тој/таа не смее да покажува пристрасност кон одредена политичка опција или учесник на каков било начин (видови прашања, гестикулација, интонација, говор на телото, однесување со гостите) и треба да им даде можност на сите учесници да ги изразат своите ставови и мислења.
- Кога кандидатите имаат други улоги (политички или неполитички), треба да се води сметка тие да не стекнат неправична предност во изборната кампања во споредба со другите кандидати.

## 3. Точност и проверка на информациите

Главен принцип во новинарството е сите информации во веста (прилогот) да бидат целосно точни. Новинарот мора да ја истражува вистината и да ја прикаже што е можно посеопфатно. Новинарот мора да има критички однос кон информациите, што подразбира систематско потврдување на сите факти во прилогот.

Уредниците и новинарите мора да имаат предвид дека довербата тешко се стекнува, а лесно се губи.

***За да се смета за веродостојна, информацијата мора да ги исполни следниве услови:***

- Да биде вистинита, а не лажна. Манипулациите, дезинформациите и ширењето гласини се честа практика во изборниот период. Новинарот никогаш не смее да претпоставува дека информацијата е вистинита. Таа мора да биде потврдена од најмалку два или од повеќе извори.
- Во случај на сомнеж, најсоодветно е информацијата да не се објавува. Со цел да се избегнат шпекулации и погрешни информации, МРТ нема да објавува информации за настани за кои нема официјална потврда од релевантните субјекти.
- Новинарот при изразувањето не треба да употребува граматички конструкции со кои може да имплицира сомнеж за активностите на некој политички субјект, односно кандидат или, пак, да го изложи на потсмев.
- Секој елемент од веста (новинарскиот прилог) мора да биде точен: настани, датуми, места, цитати и сл. Една грешка за еден основен факт може да фрли сенка врз точноста на целиот прилог.

- Кога новинарот ќе сфати (или ќе биде информиран) дека има неточна информација, мора брзо да ја поправи и да ѝ придаде иста важност каква што имала во првичниот прилог.
- Новинарите треба да цитираат извори што е можно почесто. Прилог за избори, кој во целост се потпира на анонимни извори, ќе се смета за сомнителен и несигурен. Поради тоа ваквиот метод секогаш треба да се избегнува.

Новинарите секогаш треба да го прашаат изворот зошто настојува на анонимност, особено кога станува збор за информации што се чувствителни или за кои е веројатно дека би го повредиле угледот на некое лице, кандидат или партија. Новинарот треба внимателно да ги процени причините за анонимност на изворот и доколку тие се оправдани (на пример, страв за личната безбедност), тогаш информациите може да се користат. Но, новинарот прво треба да добие потврда од независни извори. МРТ не смее да дозволи преку анонимниот извор да шири гласини или неосновани обвиненија.

Новинарите на МРТ мора да водат сметка и за изборот на експертите што ќе се користат како соговорници во прилозите/програмите. Публиката може да биде доведена во заблуда од изборот на таканаречените „независни експерти“. Новинарот треба да биде особено внимателен со „експертите“ што се блиски до одредена политичка опција, поради што треба да консултира и други соговорници, кои имаат алтернативни или спротивставени мислења.

Генерално, се препорачува во известувањето да се избегнува зборот „експерт“, а наместо тоа да се опише што, всушност, работи соговорникот (професор, блогер, новинар, писател, историчар итн.), односно да се објасни зошто тој/таа има кредибилитет да зборува на одредена тема.

## 4. Информациите да бидат прецизни и во контекст

МРТ ќе ги покрива изборите на точен и прецизен начин, а сите информации ќе бидат ставени во соодветен и релевантен контекст.

***Имајќи ја предвид оваа цел, неопходно е новинарот да ги следи следниве правила:***

- Суштинско барање што треба да го исполнат сите прилози/стории е да дадат одговор на следниве прашања: Кој? Што? Кога? Каде? Како? и Зошто?
- Новинарот мора да биде прецизен. Кога се известува за митинг, треба да се наведат местото, темите што се споменуваат во говорите и реакциите на масата. Особено кога станува збор за радио, известувањето треба да се сведе на факти - да се информира кратко, јасно, едноставно и разбирливо.
- Не е дозволено манипулирање со информациите преку користење камера, звук, видеоматеријали или фотографии.
- Новинарите треба да внимаваат кога известуваат за цифри/бројки изнесени од учесниците во изборната кампања. Бројките што се однесуваат на пари, проекти, километри и слично (патишта, водоводна, канализациска мрежа итн.) треба внимателно да се проверат откако ќе бидат соопштени од политичарите. Доколку станува збор за изјава во живо или од пренос од митинг, тие секако треба да бидат пренесени, но доколку новинарот забележи некаква нелогичност или недоследност, ќе треба да ја провери бројката и да ја информира публиката доколку таа е невистинита/неточна.
- Новинарите треба да избегнуваат процени за бројот на луѓе што учествуваат на митинзи, настани и сл. Наместо

тоа, кога станува збор за ТВ-прилог, се препорачува да се прикажат неколку широки кадри, за гледачите самите да донесат заклучок за посетеноста на одреден настан. Кога се известува за радио, доволно е новинарот да го наведе местото каде што се одвива собирот за да добие публиката впечаток за неговата масовност (плоштад, спортска сала, дом на култура, училиштен двор итн.).

- Непрецизноста може да ги „искриви“ фактите. Новинарите, уредниците и техничкиот кадар треба да внимаваат при изборот и при кратењето на изјавите на соговорниците, да се задржи и да се пренесе во целост мислата, односно суштината на пораката на соговорникот. На пример, во една анкета кога граѓаните биле прашани дали им се допаѓа одреден кандидат за претседател, еден од интервјуираните одговорил: „Добар е, ама е стар“. Новинарот го исекол вториот дел од изјавата, при што во прилогот било пренесено само: „Добар е“. Така, поради интервенцијата на новинарот, гласачите биле доведени во заблуда.
- Грешки се можни секогаш. Од тие причини, новинарот што ја покрива приказната треба да внимава кога дава оцени за ситуациите или за лицата и да избегнува да дава конечен суд. Доколку уредникот и новинарот ја воочат грешката, тогаш таа треба да се поправи во првите наредни вести.

## 5. Разграничување меѓу факти и мислења

Новинарите постојано се соочуваат со проблеми при известувањето за факти и за мислења, поради што треба да знаат да ги разликуваат едното од другото. Ова е важно во смисла на наоѓање и подготвување вести.

**Фактот** можеме да го дефинираме како нешто што се случило или за кое се претпоставува дека е вистинито. Сепак, новинарите треба да знаат колку можат да се потпрат на одредени изјави пред нив да ги претстават како факти пред публиката. Постојат три вида факти со кои новинарите се справуваат: факти што се докажано вистинити; факти што се веројатно вистинити, иако тоа не е докажано; и факти што би можеле да бидат вистинити, иако изгледаат како лаги.

Мислењата се различни од фактите. **Мислењето** е нечиј заклучок направен врз основа на воочените факти. Мислењата се засноваат врз она што луѓето сметаат дека се факти. Ова може да вклучува веројатни факти, па дури и лаги, иако малку луѓе свесно би дале мислење што е засновано на докажана лага.

За новинарите постојат две главни категории на мислења: мислење што е проверливо/што може да се провери и стручни (експертски) мислења. Првата категорија се однесува на заклучоци што можат да се проверат – докажани дека се точни или докажани дека се погрешни заклучоци.

Стручно (експертско) мислење е мислење за одредено прашање засновано на посебно познавање на фактите. Најдобар вид стручно мислење е она во кое соговорникот ги става личните чувства настрана од заклучоците. Соговорникот што дава стручно (експертско) мислење, ги претставува фактите онака како што ги гледа и извлекува заклучок само врз основа на факти. Сепак, дури и мислење искажано од „непристрасен

експерт“, мора му се припише на тој експерт, со цел публиката сама да процени колку е точно тоа што тој го кажува.

Водителите и новинарите не смеат да изразуваат свои политички гледишта и мислења во вестите.

## 6. Двојната улога на власта во изборниот период

Да се биде дел од власта, значи да се има поголемо внимание од страна на медиумите поради потребата на медиумите да ги покријат активностите на власта, што може да вклучува официјални настани, состаноци и политики што се имплементираат. Настаните може да бидат *вистинити и релевантни* (како национални прослави или годишнини), *вистинити и маргинални* (како отворања јавни објекти) и *псевдонастани* (настани креирани или менаџирани од страна на владата, со цел да се привлече поголемо медиумско покривање).

Претставниците на власта имаат двојна улога во кампања – како претставници на власта, но и како кандидати на претстојните избори на политичката партија што е на власт. Овој двоен идентитет е проблематичен од два аспекта:

— правото на еднаков пристап за сите кандидати, што треба да биде балансирано со слободата и обврската на медиумите да ги покриваат активностите на власта;

— правото на еднаков третман на сите кандидати. Вестите поврзани со партијата на власт, понекогаш може да бидат врамени на позитивен начин поради природата на настанот што се покрива, како официјални средби, меѓународен самит или слично.

Претставниците на власта може да се обидат активностите поврзани со изборната кампања да ги затскријат зад или да ги вметнат во рамките на нивните институционални активности, какви што се отворање згради, говори пред студенти, отворање програми за зависници од дрога и слично. Поради тоа, новинарите треба да прават напори јасно да ги одвојат овие активности и да не им даваат привилегиран третман на припадниците на власта. Ова е особено важно во контекст на заложбите да се обезбеди автономија и независност од политичките и од економските центри на моќ.

## 7. Говор на омраза и „потпалувачки“ говор

Во рамките на изборна кампања, еден од најголемите професионални предизвици за новинарите е прашањето како да известуваат за „потпалувачки“ говор и за изјави што поттикнуваат или може да поттикнат омраза или нетрпеливост по различни основи. Обврската за општествена одговорност на новинарот, од него бара да го земе предвид политичкото опкружување во целост. Во екстремно нестабилни општествено-политички ситуации, кога се известува за говор на омраза со кој би можело да се загрозат поединци, заедници или цели нации, еден од начините на морално постапување е новинарот да се воздржи од известување за таквите коментари.

Од друга страна, внимателното и коректно известување за искажаниот говор на омраза е корисен метод за рано предупредување, со кој ќе се посочи дека постои можност за сериозен општествен конфликт или кршење на човековите права во рамките на кампањата. Поради тоа медиумот има обврска внимателно да ги пренесе говорот на омраза и „потпалувачките“ коментари и активности на партиите и кандидатите, но притоа

да ги осуди и да ги обезличи, со што ќе го доведе во прашање нивниот кредибилитет.

Во одредени околности, точното известување за „потпалувачки“ говор или за говор на омраза може да послужи за поткопување на намерите на изворите, во овој случај партиите или кандидатите. Новинарите би требало да ги документираат последиците од таквите зборови и активности. На пример, доколку лица од публиката напуштат политички митинг или, пак, насилно се однесуваат против противниците или поддржувачите, ова е битен момент за кој мора да се извести.

Доколку во емисија во живо некој учесник употребува говор на омраза, водителот веднаш ќе го прекине, ќе се огради од таквиот говор и ќе го предупреди соговорникот дека веќе нема да добива збор доколку продолжи да користи таков речник. Новинарот ќе го прекине и ќе го исклучи од програма и соговорникот што во контактна емисија употребува говор на омраза или „потпалувачки“ говор.

## 8. Информирање за испитувања на јавното мислење

Известувањето за резултати од испитувања на јавното мислење во изборниот период е важно бидејќи тие се дел од приказната за време на изборен процес и публиката има право да знае за нив. Притоа, од суштинско значење е новинарот да води сметка за контекстот на известувањето за резултатите од истражувањата, за точноста на информациите и за соодветноста на јазикот што го користи. Новинарот, исто така, треба да има предвид дека резултатите може да бидат погрешни, поради што постои реална опасност публиката да биде заведена доколку се известува само за испитувања на јавното мислење, кои покажуваат или сугерираат драматични движења или промени.

Поради тоа, МРТ ќе известува за резултати од испитувања на јавното мислење само доколку е познат нарачателот на истражувањето и ако тоа е реализирано на репрезентативен примерок.

***При објавување на резултатите од испитувања на јавното мислење, МРТ ќе ги почитува следниве принципи:***

- задолжително ќе ги објави следниве податоци: името на нарачателот што го побарал и го платил испитувањето, името на институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето;
- нема да ги организира вестите околу резултатите на едно единствено испитување на јавното мислење;
- на кајрон на кој стои насловот на прилогот нема да се потенцираат резултатите од истражувањето што одат во прилог или против некоја политичка опција;
- нема да се потпира само на интерпретацијата на резултатите од испитувањето дадени од страна на субјектот што го нарачал или, пак, го спровел истражувањето, туку новинарот ќе се обиде сам да изгради став анализирајќи ги прашањата, резултатите и трендовите;
- особено внимателно ќе ги третира резултатите од испитувањата што им пркосат на претходно утврдените трендови за расположението на гласачите без убедливо објаснување за причините;
- нема да користи јазик што му дава поголем кредибилитет на истражувањето од оној што реално го заслужува.

## 9. Изборен молк

За време на изборниот молк, МРТ ќе продолжи да известува за изборниот процес и за текот на гласањето, при што нема да емитува содржини што би можело да се сметаат за прекршување на изборниот молк, што се определени во Правилата за медиумско покривање изборни процеси.

## 10. Право на исправка и одговор

Кој било учесник во изборен процес (кандидат, политичка партија, коалиција итн.), како и секое физичко или правно лице, има право од МРТ, односно од одговорен уредник во МРТ да бара да објави исправка на објавена вест во која се наведуваат неточни информации со кои биле повредени неговите права или интереси или, пак, може да бара одговор на објавена информација доколку има недоразбирање во врска со објавените факти или има легитимен интерес тоа да се случи.

Исправката мора да се објави без измени, дополнувања или редакциски коментар, во најбрз можен рок.

# II.

# ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ И ЛИЧЕН ИНТЕГРИТЕТ НА НОВИНАРИТЕ

## 1. Општествена одговорност на новинарите

Слободата на медиумите бара одговорност. Новинарот е истовремено и граѓанин и тој, дури и кога ја извршува професијата, може да има улога во разрешување политички кризи и конфликти. Новинарот секогаш треба да биде свесен за можните позитивни и негативни влијанија од својата работа. Ова значи дека, без разлика на темата, неговите зборови и тонот мора да бидат што е можно понеутрални и потрезвени. Ова, исто така, подразбира и разумност кога се известува за теми што имаат потенцијал да поттикнат инциденти или конфликти, како и жигосување или етикетирање поединци или групи.

***Имајќи ги предвид овие фактори, новинарот треба:***

- да ги почитува човечкото достоинство и пресумпцијата на невиност. Тој мора да избегнува „фрлање“ сомнеж на нечиј углед и чест без притоа да има веродостојни информации;
- да го почитува приватниот живот и приватните информации и да избегнува известување во врска со нив, освен кога

тоа е навистина неопходно за разбирање некоја случка или ситуација во јавниот живот;

- ➔ да одбие да поттикнува или да шири гласини, дури и ако другите медиуми го прават тоа;
- ➔ да се воздржи од каков било дискурс што поттикнува омраза, насилство, уривање, грабеж, нетолеранција, расизам, ксенофобија и предрасуди. Новинарите што не ги почитуваат овие правила, ризикуваат да се соочат со законски казни.

## 2. Професионален интегритет и чесност на новинарите

Новинарот треба да знае како да остане независен од партиите и од кандидатите. За да го одржи пристапот до нив, потребно е да има чувство за нивниот карактер и да ги разбере нивните политички цели. Односите со политичарите треба да бидат строго професионални, без намери за склучување пријателства.

***Од тие причини, новинарот никогаш не смее:***

- ➔ да прифаќа пари, подароци во која било вредност или какви било услуги што би влијаеле врз неговото мислење, би создале конфликт на интереси или би му нанеле штета на неговиот професионален интегритет и достоинство;
- ➔ да прифаќа какви било услуги во замена за објавување или необјавување некој прилог.

**Конфликт на интереси** може да се случи кога надворешните активности на секој што е вклучен во создавањето содржини (новинари, уредници, технички кадар, фриленсери, новинари-истражувачи, продуценти...), влијаат врз угледот, интегритетот, непристрасноста и врз независноста на МРТВ. Публиката мора да

ѝ верува на МРТВ и да биде сигурна дека надворешни интереси, политички или комерцијални притисоци или какви било лични интереси не влијаат врз уредничките одлуки. Ова особено се однесува на оние медиумски работници што ги подготвуваат вестите и информативните програми.

***Водителите и новинарите во вести не смеат:***

- да прават промоции или реклами за која било компанија, надворешна организација или политичка партија (исклучок се промотивни активности за книги што претходно ги напишале);
- не смеат јавно да кажат како гласале или да изразуваат поддршка за некоја партија;
- да изразуваат мислење за или против, или да лобираат за некоја тема, јавни политики, политички, бизнис теми или контроверзни теми, а особено кога тие се дел од актуелна политичка дебата.

***Новинарите мора чесно да ја вршат својата работа. Запазувањето на оваа обврска во медиумското известување, значи:***

- Новинарот не смее да користи несоодветни средства за добивање информации (на пример: снимање разговор со кандидатот без претходна дозвола).
- Новинарот не смее да троши или да прима пари во замена за информации.
- Новинарот мора да им каже на лицата што не се запознаени со тоа како функционираат медиумите дека она што тие ќе го изјават, може да биде вклучено во новинарски извештај што ќе го видат или ќе го слушнат многу луѓе.
- Новинарот не присвојува туѓо дело и води сметка дека го цитира трудот на колегите кога користи производ од нивната

работа. Притоа го посочува изворот на текст, звук, видео, фотографии што ги користи во својата работа, а потекнуваат од некој друг. Така, на пример, кога се цитираат интервјуа или текстови од други медиуми, новинарот мора јасно да информира од кој медиум се преземени извадоците.

## 3. Лична употреба на социјалните медиуми

Сите што произведуваат некаква содржина во МРТ (новинари, уредници, технички кадар, фриленсери, новинари-истражувачи, продуценти...) мора да бидат свесни дека користењето какви било партиски симболи на *Фејсбук* и на *Твитер,* претставува некој вид информирање. Поради тоа, уредниците, новинарите и сите други што се вклучени во создавање содржини поврзани со изборите, мора да водат сметка да не ја поткопуваат непристрасноста на МРТ или да го уриваат угледот на МРТ преку нивните активности на социјалните мрежи, дури и во приватно својство.

Затоа не се препорачува искажување лични мислења за политички прашања, било на лични интернет-страници или социјални медиуми. Оваа препорака се однесува на текстови, фотографии, видеа, логоа, беџеви или какви било други материјали, кои можат да асоцираат на одредена политичка партија.

# III.

# ПРИДОНЕС ОД ПУБЛИКАТА И ОД УЧЕСНИЦИТЕ ВО ИЗБОРИТЕ

## 1. Материјали од публиката

Овозможување комуникација и интерактивност со публиката преку различни платформи и механизми е од особено значење за развивање доверба во јавниот сервис. МРТ треба да одржува искрен и отворен однос со публиката, која не смее да се доведува во заблуда.

Публиката може да придонесува во создавањето на програмите на МРТ на различни начини: преку телефонски јавувања, СМС-пораки, пораки на социјалните медиуми (*Фејбук, Твитер, Јутјуб*) преку електронска пошта или преку други интерактивни механизми вклучувајќи го и „vox pop“. Продуцентите на содржини треба да бидат внимателни во утврдувањето на потеклото на материјалот што е добиен од публиката и да преземат одговорност за проверка на неговата автентичност.

МРТ треба да го опише реалниот сооднос и на мислењата од публиката (на пример, ако 60% од коментарите се провладини, а 40% се проопозициски или обратно, овој сооднос на социјалните мрежи треба да се опише).

МРТ не смее да ги третира овие информации како сигурен извор, но мора да биде отворена за соработка со публиката. Сите информации добиени од публиката мора да се проверат и да се потврдат пред да се објават. Во ситуации кога граѓаните даваат релевантни информации што би биле интересни и за поширокатa публика (какви што се изборни измами или инциденти), новинарите мора да го проверат материјалот во Државната изборна комисија и да почекаат потврда на информациите, пред да ги објават. Новинарот може да излезе на терен и да се обиде самиот да ги провери информациите.

Новинарите не треба по автоматизам да претпоставуваат дека информациите што доаѓаат од академски кругови, новинари, истражувања, претставници на добротворни организации и слично, се непристрасни и треба да ѝ укажат на јавноста доколку изворите се поврзани со одредено гледиште.

Сите што создаваат содржини треба да осигурат дека изворите на информации се соодветно опишани и дека ги зеле предвид релевантните информации што би укажале на можна пристрасност или необјективност.

## 2. Материјали од партии или од кандидати

Политичките партии ги снимаат своите настани (митинзи и сл.) и можат да им понудат готов материјал на новинарите. Сепак, ваквиот материјал и понатаму содржи опасност за евентуални манипулации со впечатоците на јавноста, како, на пример, поврзано со посетеноста на настанот, што е кажано или што било испуштено, аплаузи, ставање акцент на лидерот или на одредени симболи итн.

Затоа, доколку МРТВ на некој настан нема своја екипа од логистички причини, може да побара снимка од друг извор, со

тоа што јасно ќе се означи потеклото на таа снимка. Тоа може да биде и снимка од партија, но мора јасно да се истакне од каде потекнува (особено кога станува збор за многу важен настан, инцидент или слично). Каков било придонес од партиските кандидати мора јасно да биде означен.

При користење такви материјали, во информацијата треба да се употребува неутрален јазик, односно новинарот треба да каже кој е изворот на информацијата (на пример: ни беше укажано, ни беше посочено, како што нѐ информираа, беше кажано од страна на оваа партија итн).

Овие принципи се подготвени од страна на работна група составена од медиумски професионалци:

*Душко Арсовски, Македонска радио-телевизија*

*Биљана Трендафилова, Македонска радио-телевизија*

*Мерита Гаши, Македонска радио-телевизија*

*Марина Тунева, Совет за етика во тедиумите на Македонија*

*Емилија Јаневска, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги*

*Весна Никодиноска, Македонски институт за медиуми*

*Зоран Таневски, поранешен новинар и поранешен портпарол на Државната изборна комисија*

**Работната група беше поддржана, преку обуки и консултации, од страна на BBC Media Action.**

Овој документ содржи релевантни меѓународни и домашни професионални и етички стандарди утврдени во следните упатства и публикации:

— Насоки за покривање избори на Би-би-си, Би-би-си, 2015. Достапно на: http://downloads.bbc.co.uk/guidelines/editorial-guidelines/pdfs/2015_Election_Guidelines.pdf.

— Уредувачки насоки на Би-би-си, Би-би-си. Достапно на: http://www.bbc.co.uk/editorialguidelines/guidelines.

— Прирачник за новинари за време на избори, Репортери без граници и Меѓународна организација на франкофонијата. Достапно на: https://en.rsf.org/IMG/pdf/handbook_for_journalists_during_elections_.pdf.

— Насоки за известување за избори, АРТИКАЛ 19, 1994, препечатено 1997. Достапно на: https://www.article19.org/data/files/pdfs/tools/electionbroadcastingtrans.pdf.

— Известување за избори - насоки за радиодифузери, АРТИКАЛ 19, Индекс за слобода на изразувањето, Ројтерс и УНЕСКО. Достапно на: http://webworld.unesco.org/download/fed/iraq/english/broadcast_guidelines_en.pdf .

— Насоки за медиумска анализа за време на мисиите на ОБСЕ за набљудување избори, ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија, 2009.

## Користена литература

*Насоки за покривање избори на Би-би-си, Би-би-си*, 2015. Достапно на: http://downloads.bbc.co.uk/guidelines/editorialguidelines/pdfs/2015_Election_Guidelines.pdf.

*Уредувачки насоки на Би-би-си, Би-би-си.* Достапно на: http://www.bbc.co.uk/editorialguidelines/guidelines.

*Прирачник за новинари за време на избори*, Репортери без граници и Меѓународна организација на франкофонијата. Достапно на: https://en.rsf.org/IMG/pdf/handbook_for_journalists_during_elections_.pdf.

*Насоки за известување за избори,* АРТИКАЛ 19, 1994, препечатено 1997. Достапно на: https://www.article19.org/data/files/pdfs/tools/electionbroadcastingtrans.pdf.

*Известување за избори - насоки за радиодифузери,* АРТИКАЛ 19, Индекс за слобода на изразувањето,Ројтерс и УНЕСКО. Достапно на: http://webworld.unesco.org/download/fed/iraq/english/broadcast_guidelines_en.pdf.

*Насоки за медиумска анализа за време на мисиите на ОБСЕ за набљудување избори*, ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија, 2009.

Веб-страница Медиа хелпинг медиа, ресурси за медиумски обуки. Достапно на: www.mediahelpingmedia.org.

*Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија*, Службен весник на РМ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014 и 132/2014.

*Изборен законик на Република Македонија*, Службен весник на РМ бр. 32/2014 и 196/2015.

*Кодекс на новинарите на Македонија*, Здружение на новинарите на Македонија, 2001. Достапно на: http://znm.org.mk/drupal-7.7/mk/node/440.